Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-3233/3
25 12 2024

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
## на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА А2 - ЗГРАДИ ЗА ДОМУВАЊЕ на К.П. 134/4, КО Петровец

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-3233/1 од 10.12.2024 год. за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 ,171/24 и 224/24), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА А2 - ЗГРАДИ ЗА ДОМУВАЊЕ на К.П. 134/4, КО Петровец,** со технички број 81.01.11/24 изработен од **Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово, поднесе барање за одобрување на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА А2 - ЗГРАДИ ЗА ДОМУВАЊЕ на К.П. 134/4, КО Петровец**, со технички број 81.01.11/24.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)
2. Имотни листови
3. Ажурирана геодетска подлога (dwg)
4. Извод од урбанистичка документација
5. Геодетски елаборат
6. Полномошно
7. Податоци информации и мислења од релевантни институции
8. Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр 81.01.11/24 може да се одобри. Истото го потврди со

мислење од комисија со бр. 09-3233/2 од 24.12.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20,111/23, 171/24 и 224/24). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**